МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2019 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3
Број на работници во индустријата ....5
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6
Инфлација ....7
Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9
Увоз ....10
Салдо на трговска размена .... 11
Валутна структура ....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12
Приходи по буџетски корисници ....14
Буџетски расходи според економската класификација ....15
Расходи по буџетски корисници ....16
Буџетско салдо.. ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ....18
Плати ....19
Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....21
Депозитен потенцијал ....21
Кредити на банките .... 23
Каматни стапки на депозитни банки .... 23
Пазар на капитал .... 23
Девизни резерви .... 24

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2019 година

- Индустриското производство во септември 2019 година забележа раст од 6,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во септември 2019 година се зголемија за 0,3% во однос на септември 2018 година, по растот од 0,8% во август 2019 година;
- Во периодот јануари - септември 2019 година, извозот забележа раст од 13,2%, а увозот од 11,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,7%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2019 година изнесуваа 147.226 милиони денари, односно 21,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,7% во однос на 2018 година
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2019 година изнесуваа 155.295 милиони денари, односно 22,3% од БДП, што е за 8,1% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во септември 2019 година се зголемија за 5,6% во споредба со септември 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во септември 2019 година забележа раст од 6,1% во споредба со истиот месец претходната година, додека на кумулативна основа, во периодот јануари – септември 2019 година, е забележан раст од 5,6%. Растот во септември 2019 година главно се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 32,2% (придонес од 3,9 п.п.) и истиот е поддржан со растот во секторот Преработувачката индустрија од 4,6% (придонес од 3,5 п.п.). Во рударскиот сектор е забележан пад од 7,4% (придонес од -0,8 п.п.).

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Зголемено производство во септември 2019 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 58,7% од вкупното производство, што укажува на тоа дека раст главно бележат гранките со повисоко учество во структурата. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во септември 2019 година е забележан кај производството на фабрикувани метални производи од 64,5% и придонес од 2,4 п.п., на електрична опрема од 16,3% и придонес од 0,7 п.п., како и на моторни возила од 3,3% и придонес од 0,3 п.п.. Највисок придонес во растот во септември 2019 година, сепак, има производството на тутунски производи, каде што е забележан раст за повеќе од петпати и придонес од 7,3 п.п.. Од гранките со позначително учество во структурата, пад на производството во септември 2019 година е забележан кај производството на облека од 11,9% и негативен придонес од 1,0 п.п., како и кај производството на машини и уреди од 1,6% и негативен придонес од 0,2 п.п..

Растот на производството според намената на произведените единици во септември 2019 година е главно последица на растот кај гранката Енергија од 25,5%



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

(придонес од 3,6 п.п.), а е поддржан и со растот во гранките Нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,0% (придонес од 2,2 п.п.), Капитални производи од 6,4% (придонес од 1,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 14,7% (придонес од 0,4 п.п.).

Кумулативните податоци за периодот јануари – септември 2019 година покажуваат дека е забележан раст на индустриското производство од 5,6%, што во најголема мера се должи на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 27,4% (придонес од 3,3 п.п.), а во помал дел во секторите Преработувачка индустрија од 2,7% (придонес од 2,0 п.п.) и Рударство и вадење камен од 3,5% (придонес од 0,4 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во раст
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 16 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 65,4% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 27,4% и придонес од 3,3 п.п., производството на машини и уреди од 12,3% и придонес од 1,2 п.п., како и кај производството на моторни возила од 10,2% и придонес од 1,0 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот во првите девет месеци од 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групата Енергија од 25,8% (придонес од 3,7 п.п.), а во помала мера и во групите Капитални производи од 6,3% (придонес од 1,4 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 1,9% (придонес од 0,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 8,2% (придонес од 0,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во септември 2019 година е намален за 1,6%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 3,6%, Преработувачка индустрија од 1,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај капиталните производи од 6,9%, додека пад е забележан кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,7%, трајните производи за широка потрошувачка од 4,1%, енергијата од 1,9% и интермедијарните производи, освен енергија од 1,7%.

На кумулативна основа, во првите девет месеци од 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,3%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,3%, Рударство и вадење камен од 1,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

Согласно податоците по наменски групи, раст во периодот јануари – септември 2019 година е забележан единствено во групата Капитални производи од 7,9%, додека пад бележат групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,5%, Енергија од 1,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2019 година е понеповолна споредено со август 2019 година, а поповолна во однос на истиот месец од 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември изнесува 69,4%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 69,8%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 22,1%, недоволната странска побарувачка со 18,9%, недоволната домашна

побарувачка со 13,7%, неизвесното економско опкружување со 13,3%, недостигот на суровини со 7,3%, финансиските проблеми со 7,2% и конкурентниот увоз со 6,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември 2019 година во однос на август 2019 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2019 година издадени се вкупно 214 одобренија за градење и во однос на истиот месец од 2018 година бројот на издадени одобренија за градење е намален за 2,3%. Споредено со август 2019 година, бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 1,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2019 година бележи годишен пад од 3,0%. Вредноста на објектите во септември 2019 година, споредено со претходниот месец, е намалена за 14,5%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 122 (или 57,0%) се наменети за објекти од високоградба, 25 (или 11,7%) за објекти од нискоградба и 67 (или 31,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 214 издадени одобренија за градба, на 140 објекти (или 65,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 74 објекти (или 34,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во септември 2019 година предвидена е изградба на 176 станови, со вкупна корисна површина од 20.383 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со август 2019 година е намален за 36,7%, а на годишна основа бележи пад од 64,4% .

## Инфлација

Потрошувачките цени во септември 2019 година се зголемија за 0,3% во однос на септември 2018 година, по растот од 0,8% во август 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – септември 2019 година изнесува 1,0%.

Во септември 2019 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,1% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во септември 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,6% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 3,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,9%, Рекреација и култура од 0,6% и Ресторани и хотели од 0,6%

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во септември 2019 година е регистриран во категориите Транспорт од 3,5%, Облека и обувки од 2,5%, Комуникации од 1,8%, Образование и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,3% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Потрошувачките цени во септември 2019 година се намалија за 0,6% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 3,9%, Рекреација и култура од 1,8%, Ресторани и хотели од 0,8%, Облека и обувки од 0,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,2%. Раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Образование од 0,2% и Комуникации од 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Здравје и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Цените на мало во септември 2019 година во однос на истиот месец претходната година се намалија за 0,7%, а на месечна основа регистрираа пад од 1,4%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2019 година во однос на август 2019 година се зголеми за 5,2% и изнесува 62,3 долари за барел. Споредено со истиот месец од 2018 година, цената на нафтата бележи пад од 21,0%. Цената на природниот гас во септември 2019 година на месечна основа порасна за 13,2%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во септември 2019 година се тргуваше со просечна цена од 17.657 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи раст на цената од 12,1%. На годишна основа, цената на никелот е зголемена за 41,1%. Покрај никелот, месечен раст на цената во септември забележаа и останатите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 2,6%, на оловото и на калајот за по 1,3%, соодветно, на бакарот за 0,9% и на алуминиумот за 0,7%. Цената на железната руда во септември на месечна основа остана непроменета.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Благородните метали во септември во однос на претходниот месец исто така бележат раст на цените. Така, цената на платината порасна за 10,0%, на среброто за 5,4% и на златото за 0,7%.

Цената на пченицата на светските берзи во септември 2019 година споредено со август 2019 година се зголеми за 4,7%, а цената на пченката се намали за 3,9%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2019 година изнесува 10.939,1 милион евра, што претставува раст од 12,2% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - септември 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,3 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 71,0%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - септември 2019 година изнесува 4.788,6 милиони евра и бележи раст од 13,2% (557,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 13,1%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во септември 2019 година изнесува 566,2 милиона евра и бележи раст од 6,8% (36,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 0,2%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2019 година извозот бележи раст од 13,1% (65,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 1,5%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - септември 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,9% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - септември 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите ЕФТА и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 11,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 20,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 81,2% и 11,5% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - септември 2019 година изнесува 6.150,6 милиони евра и бележи раст од 11,4% (631,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 10,0%.

Вредноста на увозот во септември 2019 година изнесува 652,4 милиони евра, што претставува раст од 7,6% (45,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 0,5%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2019 година увозот бележи пад од 1,8% (12,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 2,8%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2018 | I - IX - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 19,1 | 38,0 | 18,9 | 99,0 |
| Мил. ЕУР | 864,9 | 1.009,2 | 144,2 | 16,7 |
| Мил.$ | 1.031,1 | 1.133,5 | 102,4 | 9,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2018 | I - IX - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 24,1 | 29,6 | 5,5 | 23,0 |
| Мил. ЕУР | 155,3 | 163,1 | 7,7 | 5,0 |
| Мил.$ | 185,6 | 183,2 | -2,4 | -1,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2018 | I - IX - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 571,1 | 566,1 | -5,0 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 397,7 | 434,7 | 37,0 | 9,3 |
| Мил.$ | 473,2 | 488,0 | 14,8 | 3,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2018 | I - IX - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 608,1 | 623,9 | 15,8 | 2,6 |
| Мил. ЕУР | 335,7 | 324,0 | -11,7 | -3,5 |
| Мил.$ | 402,0 | 364,1 | -37,9 | -9,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2018 | I - IX - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 50,8 | 58,0 | 7,1 | 14,0 |
| Мил. ЕУР | 603,1 | 714,7 | 111,6 | 18,5 |
| Мил.$ | 720,3 | 802,5 | 82,2 | 11,4 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2018 | I - IX - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 44,8 | 51,7 | 6,8 | 15,3 |
| Мил. ЕУР | 515,3 | 558,7 | 43,5 | 8,4 |
| Мил.$ | 615,8 | 627,7 | 11,8 | 1,9 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - септември 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 5,7% односно 74,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во септември 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 12,8% односно 9,8 милиони евра споредено со септември 2018 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - септември 2019 година, 91,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Србија, а потоа



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

следуваат: Кина, Турција, Италија, Јужна Африка, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 85,9% од трговската размена во периодот јануари - септември 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 1,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,6% и 80,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,5 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 2,5 п.п. во однос на периодот јануари - септември 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IX - 2018 | | | | | I - IX - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.283,9 | 4.592.362.252 | 61,5170 | 282.508.348.674 | 83,2 | 3.495,1 | 4.967.284.290 | 61,5054 | 305.514.807.194 | 80,8 | 374.922.038 | 8,2 |
| УСД | 1.351,1 | 1.041.491.032 | 51,5263 | 53.664.179.361 | 15,8 | 1.607,0 | 1.263.270.852 | 54,7448 | 69.157.510.155 | 18,3 | 221.779.820 | 21,3 |
| ГБП | 4,6 | 21.654.233 | 69,5872 | 1.506.857.412 | 0,4 | 3,2 | 18.943.393 | 69,6751 | 1.319.882.778 | 0,3 | -2.710.840 | -12,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.639,7 | | | 337.679.385.446 | 99,0 | 5.105,2 | | | 375.992.200.127 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.652,3 | | | 339.502.780.859 | 100,0 | 5.118,7 | | | 378.291.909.001 | 100,0 | | 11,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2019 година изнесуваа 147.226 милиони денари, односно 21,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,7% во однос на 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 84.140 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 3,2%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 37.794 милиони денари, што претставува зголемување од 7,3% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,9%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 56.965 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен

поврат во износ од 19.171 милион денари (бруто наплатата е повисока за 5,2%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 1,4% споредено со истиот период од 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 5,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 5,2%.

Акцизите се остварени во износ од 19.228 милиони денари (учество од 22,9% во даночните приходи), што претставува зголемување од 2,5% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 57.022 милиона денари, што претставува 67,8%, и е повеќе од 2/3 од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 13.222 милиона денари и забележуваат раст од 14,4% на годишна основа, при што 63,8% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 6,8% од приходи по основ на договор на дело, 7,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,3% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овие девет месеци изнесуваа 9.097 милиони денари и забележаа помало остварување за 21,1% во однос на истиот период претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на дивиденди и други распределби за 64,5%, додека намалување се забележува кај месечни аконтации од 10,6%, по даночни биланси од 33,2% и кај задржаниот данок за странски правни лица од 60,9%.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.357 милиони денари и забележаа зголемување од 7,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 442 милиона денари забележаа зголемено остварување за 15,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 45.020 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 10,1%, кај придонесите за здравствено осигурување за 9,2% и кај придонесите за вработување за 8,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 12.999 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 45,1% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.326 милиони денари, што е намалување од 23,7% во однос на минатата година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.556 милиони денари и се зголемени за 28,2% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во периодот јануари - септември 2019 година изнесуваат 103.977 милиони денари, односно 91,6% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 65,1% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 79,9% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во анализираниот период изнесува 69,9% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 13.999 милиони денари, што претставува 13,5% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 2.609 милиони денари, односно 2,3% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (71,2%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии, како буџетски корисник, оствари приходи во износ од 848 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливите на средства по основ на задолжување во странство претставуваат 48,9% од вкупните приходи и изнесуваат 415 милиони денари. Приливот на средства по основ на отплата на трансфери и донации

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

износува 269 милиони денари и претставува 31,8% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 5,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - септември 2019 година оствари приходи во износ од 55.249 милиони денари, што претставува 75,3% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 22.928 милиони денари, односно 72,9% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во периодот јануари - септември остварила приходи во висина од 1.911 милиони денари, што претставува 57,9% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2019 година изнесуваа 155.295 милиони денари, односно 22,3% од БДП, што е за 8,1% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 146.750 милиони денари учествуваа со 21,0% и се зголемени за 7,1% во однос на 2018 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 20.526 милиони денари што претставува зголемување за 4,4% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.131 милион денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 10,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 108.558 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,1% споредено со јануари - септември 2018 година и истите учествуваа со повеќе од 2/3, односно 69,9% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 80.356 милиони денари, забележаа раст од 7,3% и учествуваа со 51,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 48.913 милиони денари, што е зголемување за 7,7% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,5%, односно забележаа поголема реализација за 6,6%, а се реализирани во износ од 27.126 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.378 милиони денари забележаа зголемување од 5,9%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 13.029 милиони денари што е зголемување од 7,6% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 6.535 милиони денари, што е за 9,5% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 6,8%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 17,7%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 8.545 милиони денари со структурно учество од 5,5% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 29,5% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 79,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - септември 2019 година реализираше 32.527 милиони денари или 73,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 22.975 милиони денари или 75,4% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,9% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 70,4% (6.798 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во првите девет месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 20.910 милиони денари, што претставува

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

65,9% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 48,2% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 10.077 милиони денари, односно 62,4% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 31,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 6.533 милиони денари или 79,3% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - септември 2019 година изврши буџетски средства во износ од 16.538 милиони денари, што е 65,5% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (63,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10.567 милиони денари или 73,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 2.566 милиони денари, односно 71,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 11,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.848 милиони денари, односно 48,0% од вкупно предвидените.

Во првите девет месеци од 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 8.180 милиони денари, што претставува 73,1% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 71,5%, за што се потрошени 5.846 милиони денари или 74,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 18,7%, за што се реализирани 1.531 милион денари или 78,4% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.434 милиони денари, што претставува 77,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 93,2% во вкупните расходи, реализирани се 79,6% од планираните средства.

Министерството за одбрана во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 4.923 милиони денари, што е 59,3% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 58,5%, за што се реализирани 2.878 милиони денари, што претставува 73,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,5% во вкупните расходи, за

што во анализираниот период се потрошени 1.061 милион денари, односно 56,9% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - септември 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 4.014 милиони денари, што е 63,3% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,2%, за што се потрошени 2.095 милиони денари или 68,6% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 38,8% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.559 милиони денари, односно 62,6% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 3.202 милиона денари, што е 62,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 59,1% од предвиденото (2.338 милиони денари), а учествуваат со 73,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 22,9% и за оваа намена извршени се средства во износ од 735 милиони денари, односно 78,5% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари - септември 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 8.069 милиони денари, што претставува 1,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 8.017 милиони денари и претставува 1,2% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – септември 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 148.204 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

овој период е понизок за 2,4% во однос на истиот период од 2018 година.

Од вкупниот број нововработени, 42,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во септември 2019 година 19,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во септември 2019 година изнесува 188.537, од кои 101.036 се активни баратели на работа, а 87.501 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 3,3%.

Најголем дел од активните невработени лица (63,4%) се градско население, а според половата структура 51,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,7% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,4% се со завршено средно образование, додека 11,0% имаат више или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2019 година оствари годишен раст од 3,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (10,9%), Транспорт и складирање (7,3%) и Информации и комуникации (5,8%). Реалните плати во август забележаа годишен раст од 3,0%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во август 2019 година оствари годишен раст од 4,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (12,7%), Транспорт и складирање (9,0%), и Информации и комуникации (7,7%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,1%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во септември 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 320.214 пензионери, што претставува зголемување од 2,1% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.394 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,7% се корисници на старосна пензија, 23,5% се корисници на семејна пензија и 10,8% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во септември 2019 година изнесува 14.574 денари и е за 1,0% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,8%.

Просечната старосна пензија во септември изнесува 15.849 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.178 денари, а просечната семејна пензија 11.648 денари. За исплата на пензиите во септември 2019 година се потрошени 4.563 милиони денари, што претставува 51,5% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во септември 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во септември 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 38,1%. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 70,7%, како и на растот на готовите пари во оптек за 12,1%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (септември 2019 година)




Извор: НБРСМ.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 24,2%, како резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 58,7%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,8%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во септември 2019 година регистрираа пад од 0,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 1,8%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,6%.

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на валутата, во септември 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута останаа непроменети, додека депозитите во странска валута се намалија за 0,5%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2019 година оствари раст од 10,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,3% и 7,0%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 10,6% и 9,3%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,5%, а долгорочните депозити за 8,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2019 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **394.472** | **-0,2%** | **10,1%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *238.793* | *0,0%* | *12,3%* |
| *Странска валута* | *155.679* | *0,5%* | *7,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *167.374* | *-1,1%* | *5,5%* |
| *Долгорочни* | *109.389* | *0,5%* | *8,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **328.970** | **0,5%** | **5,6%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *192.853* | *0,2%* | *6,4%* |
| *Странска валута* | *136.117* | *0,8%* | *4,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *57.493* | *-0,4%* | *0,5%* |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Долгорочни* | *253.035* | *0,7%* | *7,3%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.819* | *-0,2%* | *2,6%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во септември 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во септември 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,2% и 0,8%, соодветно.

На годишна основа, во септември 2019 година вкупните кредити се зголемија за 5,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,5% и на кредитите кон претпријатијата од 1,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,4%, а кредитите во странска валута за 4,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,3%, а краткорочните кредити од 0,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во септември 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,09%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити исто така се намалија за по 0,04 п.п. и изнесуваат 5,54% и 4,55%, соодветно.

Вкупната каматна стапка на депозитите во септември 2019 година изнесува 1,36% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно ниво е намалена за 0,05 п.п. и изнесува 1,84%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 0,78%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 117,7% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за скоро 5 пати ( 398%) и растот на прометот од класичното тргување од 52,8%.

Вкупниот промет на берзата во септември 2019 изнесуваше 731,9 милиони денари и истиот е зголемен за 51,4% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на септември 2019 година изнесуваше 4.328,09 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 8,0%, а во однос на истиот месец претходната година за 22,6%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септември 2019 година изнесуваа 3.127,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 3,2%, а во однос на септември 2018 година за 15,4%.